ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1049/1
Скопје .08.052020 година

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК
# НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# Ц.О. СКОПЈЕ

**Тримесечен финансиски извештај**
**за работењето на ЈП Службен весник на РСМ**
**за период ЈАНУАРИ – МАРТ 2020 година**

Скопје, мај 2020 година

**Тримесечен финансиски извештај**
**за работењето на ЈП Службен весник на РСМ**
**за период јануари – март 2020 година**

Во периодот **јануари – март 2020 година** Јавното претпријатие Службен весник на РСМ Скопје, реализирајќи ги задачите утврдени со Програмата за работа и развој за 2020 година ги оствари следните резултати:

## <u>ФИЗИЧКИ ОБЕМ</u>

1. Претплатата на службеното гласило „Службен весник на РСМ“ изнесува 960 примероци и во споредба со бројот на примероци 1207 во истиот период од 2019 година, бележи намалување од 20,26%.

2. Претплатата на „Регистарот на прописи на РСМ“ изнесува 37 пристапи и во споредба со бројот на пристапи 13 во истиот период од 2019 година, бележи зголемување од 184,62%.

3. Претплатата на електронското издание база на прописи на РСМ изнесува 1.488 пристапи и во споредба со бројот на пристапи 1432 во истиот период од 2019 година, бележи зголемување од 3,91%.

4. Претплатата на електронското издание на Службен весник на РСМ изнесува 401 пристапи и во споредба со бројот на пристапи 346 во истиот период од 2019 година, бележи зголемување од 15,90%.

5. Претплатата на мобилна апликација е нов производ и во овој период има 23 претплати.

6. Огласите од сите типови збирно изнесуваат 14.855 барања и во споредба со истиот период од 2019 година бележат намалување од 8,13% кој се должи на следното:

-Барањата за огласување на неважечки документи во споредба со истиот период од 2019 година, бележат намалување од 12.57%,

-Барањата за огласување на акти и огласи на правни лица, како што се одлуки, правилници, статути, финансиски извештаи, повикување на доверители, план за поделба на ТД, промена во судскиот регистар и слично во споредба со истиот период од 2019 година бележат намалаување од 10,16%,

-Барањата за огласување на јавните набавки во споредба со истиот период од 2019 година бележат зголемување од 81,39%,

-Барањата за објавување на судски огласи, ликвидации, стечаи и слично во споредба со истиот период од 2019 година, бележат намалување од 15,76%,

-Јавните објави на извршителите во споредба со истиот период од 2019 година бележат зголемување од 16,05% и

-Барањата за објавување на нотарски огласи во споредба со истиот период од 2019 година бележат намалување од 31,08%.

Што се однесува до огласниот дел сакаме да нагласиме дека бројот на поднесените барања не е во пропорционален однос со финансискиот прилив и како показател треба да се свати само како статистичка евиденција .

Движењето на обемот на објавените огласи по типови за период јануари-март 2020 година е дадено во Прегледот бр.1 во продолжение на текстот.

**Преглед бр.1 за број на објавени огласи по типови за период јануари-март 2020 година**

| Р. бр. | ТИП НА ОГЛАСИ | I-III 2019 | I-III 2020 | Индекс (4:3x100) | Пораст/ Опаѓање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | **ЛИЧНИ ОГЛАСИ -НЕВАЖЕЧКИ ДОКУМЕНТИ** (лични карти, пасоши, раб.книшки, свидетелства, дипломи, дозволи, легитимации и други лични документи) | 10.079 | 8.812 | 87,43 | -12,57 |
| 2 | **АКТИ И ОГЛАСИ НА ПРАВНИ ЛИЦА** (одлуки, правилници, статути, промена во судски регистар, усогласување, повикување на доверители, план за спојување, план за поделба на ТД, одлуки за малопр. цени, финан.извештаи и сл.) | 187 | 168 | 89,84 | -10,16 |
| 3 | **ЈАВНИ НАБАВКИ** (отворени повици, ограничени повици, барања за прибирање на понуди и сл.) | 1.440 | 2.612 | 181,39 | 81,39 |
| 4 | **СУДСКИ ОГЛАСИ (** ликвидации, стечаи, здруж.на граѓани, рег. на политички партии и сл.) | 971 | 818 | 84,24 | -15,76 |
| 5 | **ЈАВНИ ОБЈАВИ НА ИЗВРШИТЕЛИ** | 81 | 94 | 116,05 | 16,05 |
| 6 | **НОТАРСКИ ОГЛАСИ** (засновање и реализација на залог и сл.) | 3.411 | 2.351 | 68,92 | -31,08 |
| | **ВКУПНО:** | **16.169** | **14.855** | **91,87** | **-8,13** |

## <u>ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ</u>

**1. ВКУПНИТЕ ПРИХОДИ** во периодот јануари–март 2020 година изнесуваат 23.267.568 денари што претставува 17% зголемување во однос на финансискиот план за првиот квартал 2020 година или во однос на вкупните приходи остварени во истиот период во 2019 година бележат зголемување за 20%.

**2. ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ** во периодот јануари–март 2020 година изнесуваат 19.387.577 денари што претставува 5% намалување во однос на финансискиот план за првиот

квартал 2020 година или во однос на вкупните трошоци остварени во истиот период во 2019 година бележат зголемување за 29%.

Остварените **приходи и трошоци** по ставки во периодот јануари–март 2020 година споредени со финансискиот план за првиот квартал 2020 година и остварените приходи и трошоци во периодот јануари–март 2019 година се дадени во Прегледот бр. 2 во продолжение на текстот.

**Преглед бр. 2 на приходи и расходи за период јануари–март 2020 година**

| | СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ | ОСТВАРЕНО за I квартал од 2019 | ПЛАНИРАНО за I квартал од 2020 ( тековна година) | ОСТВАРЕНО за I квартал од 2020 | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%) | Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| **1** | Претплата на службени весници на РСМ | 2.882.392 | 2.552.000 | 2.787.860 | -3 | 9 | 12 |
| **2** | Претплата на регистар на прописи на РСМ | 8.899 | 10.000 | 16.103 | 81 | 61 | 0 |
| **3** | Приходи од објавување на огласи | 11.320.506 | 11.695.000 | 15.833.196 | 40 | 35 | 68 |
| **4** | Претплата на електронската база на прописи на РСМ | 3.695.373 | 4.176.000 | 3.581.895 | -3 | -14 | 15 |
| **5** | Претплата на електронско издание на Службен весник на РСМ | 513.118 | 552.000 | 594.683 | 16 | 8 | 3 |
| **6** | Претплата на мобилна апликација-Службен весник на РСМ | 0 | 54.000 | 6.037 | | -89 | 0 |
| **7** | Приходи од проджба на стручна литература и други изданија | 17.615 | 4.000 | 11.690 | -34 | 192 | 0 |
| **8** | **Вкупно: (1 + 2 + 3 + 4 + 5 + 6+7)** | **18.437.903** | **19.043.000** | **22.831.464** | **24** | **20** | **98** |
| | **Останати приходи** | | | | | | |
| **9** | Финансиски приходи | 964.134 | 810.000 | 432.979 | -55 | -47 | 2 |
| **10** | Други приходи | 2.343 | 5.000 | 3.125 | 33 | -38 | 0 |
| **11** | **Вкупно останати приходи (9+10)** | **966.477** | **815.000** | **436.104** | **-55** | **-46** | **2** |
| | | | | | | | **0** |
| **12** | **Вкупно приходи (8+11 )** | **19.404.380** | **19.858.000** | **23.267.568** | **20** | **17** | **100** |

| | СПЕЦИФИРАНИ РАСХОДИ | ОСТВАРЕНО за I квартал од 2019 година | ПЛАНИРАНО за I квартал од 2020 година | ОСТВАРЕНО за I квартал од 2020 година | Споредбена анализа оств. тек. год/ оств. претх. год (%) | Споредбена анализа оств. тек. год / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| **1** | **Трошоци за издавање** | **1.587.480** | **2.115.000** | 1.740.356 | 10 | -18 | 9 |
| | Трошоци за печатење на службени весници | 1.583.026 | 2.090.000 | 1.739.576 | 10 | -17 | 9 |
| | Трошоци за стручна литература и други изданија | 4.454 | 25.000 | 780 | -82 | -97 | 0 |
| **2** | **Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар** | **737.694** | **819.550** | 775.056 | 5 | -5 | 4 |
| | Канцелариски материјали | 45.647 | 77.700 | 49.113 | 8 | -37 | 0 |
| | Материјали за тековно и инвестиционо одржување | 5.267 | 9.000 | 1.117 | -79 | -88 | 0 |
| | Материјали за чистење и одржување хигиена | 20.966 | 24.000 | 30.229 | 44 | 26 | 0 |
| | Помошни и други материјали | 3.810 | 4.000 | 17.525 | 360 | 338 | 0 |
| | Електрична и топлотна енергија | 531.744 | 567.600 | 585.840 | 10 | 3 | 3 |
| | Горива и масла за возила | 57.205 | 72.000 | 56.248 | -2 | -22 | 0 |
| | Резервни делови | 20.483 | 45.000 | 15.705 | -23 | -65 | 0 |
| | Ситен инвентар и автогуми | 52.572 | 20.250 | 19.279 | -63 | -5 | 0 |
| **3** | **Трошоци за услуги** | **1.122.342** | **1.367.892** | 1.120.264 | 0 | -18 | 6 |
| | Транспортни услуги | 0 | 5.000 | 1.738 | 0 | -65 | 0 |
| | Поштенски услуги | 279.909 | 288.000 | 316.746 | 13 | 10 | 2 |
| | Телефонски и други телекомуникациски услуги | 52.257 | 59.800 | 45.492 | -13 | -24 | 0 |
| | Интернет услуги | 103.356 | 112.500 | 103.356 | 0 | -8 | 1 |
| | Графички услуги | 0 | 0 | 2.400 | 0 | 0 | 0 |
| | Тековно и инвестиционо одржување | 21.024 | 95.732 | 34.800 | 66 | -64 | 0 |
| | Трошоци за софтверско одржување | 500.274 | 542.500 | 507.000 | 1 | -7 | 3 |
| | Услуги за одржување на хигиена | 7.500 | 97.500 | 7.500 | 0 | -92 | 0 |
| | Наемнина за деловен простор | 34.355 | 35.000 | 10.700 | -69 | -69 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Комунални услуги | 18.693 | 19.200 | 21.669 | 16 | 13 | 0 |
| | Пропаганда, реклама, промоција и маркетинг услуги | 82.716 | 78.660 | 49.815 | -40 | -37 | 0 |
| | Регистрација на моторни возила | 8.888 | 9.000 | 6.798 | -24 | -24 | 0 |
| | Останати услуги | 13.370 | 25.000 | 12.250 | -8 | -51 | 0 |
| **4** | **Плати, надоместоци на плати и останати трошоци на вработени** | **8.730.186** | **13.168.600** | 12.716.811 | 46 | -3 | 66 |
| | Плати и надоместоци на плати | 8.730.186 | 11.580.000 | 11.212.946 | 28 | -3 | 58 |
| | Отпремнина за заминување во пензија | 0 | 0 | 0 | | | 0 |
| | Помошти на вработени | 0 | 24.000 | 78.865 | | 229 | 0 |
| | Трошоци за регрес на годишен одмор | 0 | 0 | 0 | | | 0 |
| | Јубилејна награда | 0 | 1.564.600 | 1.425.000 | | -9 | 7 |
| **5** | **Трошоци за амортизација** | **1.801.227** | **1.814.061** | **2.315.751** | 29 | 28 | 12 |
| **6** | **Вкупно оперативни расходи (1+2+3+4+5)** | **13.978.929** | **19.285.103** | **18.668.238** | **34** | **-3** | 96 |
| **7** | **Останати раходи** | | | | | | |
| | Трошоци за службени патувања | 0 | 5.000 | 0 | | -100 | 0 |
| | Трошоци за репрезентација | 68.601 | 240.000 | 52.743 | -23 | -78 | 0 |
| | Надомест на Управен одбор | 173.334 | 190.000 | 190.002 | 10 | 0 | 1 |
| | Надомест на Надзорен одбор | 173.331 | 173.500 | 173.331 | 0 | 0 | 1 |
| | Надомест на трошоци на директор | 13.778 | 13.200 | 13.776 | 0 | 4 | 0 |
| | Финансиска помош на физички лица | 10.000 | 10.000 | 0 | -100 | -100 | 0 |
| | Стручно усовршување | 34.100 | 62.000 | 9.500 | -72 | -85 | 0 |
| | Премии за осигурување | 64.640 | 20.000 | 20.830 | -68 | 4 | 0 |
| | Банкарски услуги | 46.940 | 40.000 | 25.497 | -46 | -36 | 0 |
| | Трошоци за лиценци | 191.000 | 43.150 | 132.781 | -30 | 208 | 1 |
| | Трошоци за интелектуални услуги | 126.163 | 180.500 | 35.111 | -72 | -81 | 0 |
| | Ревизорски услуги | 60.000 | 100.000 | 0 | -100 | -100 | 0 |
| | Трошоци за весници и стручна литература | 19.904 | 24.000 | 19.904 | 0 | -17 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Трошоци за ISO 9001:2015 | 0 | 0 | 0 | | | 0 |
| | Трошоци за систематски преглед | 0 | 0 | 0 | | | 0 |
| | Останати непредвидени трошоци | 81.225 | 51.250 | 45.864 | -44 | -11 | 0 |
| **8** | **Вкупно останати расходи** | **1.063.016** | **1.152.600** | **719.339** | **-32** | **-38** | 4 |
| **9** | **Вкупно расходи (6+8 )** | **15.041.945** | **20.437.703** | **19.387.577** | **29** | **-5** | 100 |
| **11** | **Финасиски резултат-добивка** | 4.362.435 | -579.703 | 3.879.991 | -11 | -769 | 20 |

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА:**

## 1. ПРИХОДИ

Од податоците дадени во Прегледот бр.2 може да се констатира дека, вкупните остварени приходи во првото тримесечие во 2020 година споредени со вкупните остварени приходи во првото тримесечие во 2019 година бележат зголемување за 20% или остварувањето по ставки е како следи:

-Ставката, **Претплата на „Службен весник на РСМ“ во печатено издание**, бележи намалување за 3% ( 247 примероци) во однос на истиот период од 2019 година, поради намалениот број на на претплатници како и бројот на примероци по претплатници иако цената на печатеното издание со одлука бр.02-1969/1 донесена на 20.9.2019 година се зголеми од 10.100 денари на 12.200 денари.

-Ставката, **Претплата на Регистар на прописи на РСМ**, бележи зголемување за 81% во однос на истиот период од 2019 година, поради зголемен број на претплатници;

-Ставката, **Објавување на огласи**, бележи зголемување за 40% во однос на истиот период од 2019 година;

-Ставката, **Претплата на електронска база на прописи на РСМ,** бележи намалување за 3% во однос на истиот период од 2019 година иако бројот на пристапи е поголем во 2020 година а тоа се должи на временското несовпаѓање на приклучокот и обврската за плаќање;

-Ставката, **Претплата на (интегрално) електронско издание на Службен весник на РСМ,** бележи зголемување за 16% во однос на истиот период од 2019 година;

-Ставката, **Претплата на мобилна апликација на Службен весник на РСМ,** изнесува 6.037 денари за 2020 година.

-Ставката, **Продажба на литература,** бележи намалување за 34% во однос на истиот период од 2019 година;

-Ставката, **Финансиски приходи,** бележи намалување за 55% во однос на истиот период од 2019 година, поради помал износ на орочени средства и пониски каматни стапки од 1 до 1,8% за дел од орочените средства.

-Ставката, **Други приходи,** во апсолутен износ изнесува 3.125 денари и во однос на истиот период од 2019 година, е поголем за 782 денари.

## 2. РАСХОДИ

Вкупните расходи во првото тримесечие во 2020 година изнесуваат 19.387.577 денари и споредени со вкупните расходи остварени во истиот период од 2019 година бележат зголемување за 29% или остварувањето по ставки е како следи:

**1. Ставката, Трошоци за издавање,** бележи зголемување за 10% во однос на истиот период од 2019 година, а истото се должи на следното:
-Потставката, **Трошоци за печатење на службеното гласило „Службен весник на РСМ“,** бележи зголемување за 10% во споредба со истиот период од 2019 година, бидејќи бројот на издадени службени весници е зголемен за 20 и зголемен е обемот на материјали за печатење. Во првото тримесечие во 2020 година, издадени се 85 броја службени весници што е за 20 броја повеќе во однос на истиот период во 2019 година и претставува зголемување за 30.77%, додека во однос на обемот на отпечатени табаци по примерок, во анализираниот период во 2020 година отпечатени се 559,5 табаци што претставува зголемување за 30,42% во однос на отпечатените 429 табаци во истиот период во 2019 година;
**Просечна цена по страна** во првото тримесечие 2019 год. изнесувала 0,180 дени, а додека во 2020 год. изнесува 0,181 дени.
-Потставката, **Трошоци за стручна литература и други изданија,** бележи намалување за 82%, или во апсолутен износ трошоците се помали за 3.674 денари, во споредба со истиот период од 2019 година.

**2. Ставката, Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар,** бележи зголемување за 5% во однос на истиот период од 2019 година, а се должи на следното:
-Потставката, **Трошоци за канцелариски материјали,** бележи зголемување за 8% во однос на истиот период од 2019 година или во апсолутен износ трошоците се поголеми за 3.466 денари, бидејќи во 2020 година е набавено поголема количина канцелариски материјал и тонери.
-Потставката, **Трошоци за материјали за тековно и инвестиционо одржување,** бележи намалување за 79% во однос на истиот период од 2019 година, или во апсолутен износ од 4.150 денари (бидејќи во 2020 година направени се само услуги за водовод и електрика на износ од 1.117 денари, а во 2019 година извршени се набавки за Patch Cord кабли и сензор за хартија во износ од 4.690 денари и друг материјал за тековно одржување во износ од 577 денари);
-Потставката, **Трошоци за материјали за чистење и одржување хигиена,** бележи зголемување за 44% во однос на истиот период од 2019 година или во апсолутен износ трошоците се поголеми за 9.263 денари, бидејќи во овој период е набавен поголем обем на средства за оджување на хигиена вклучително и средства за дезинфекција, гел за раце и сл.
-Потставката, **Трошоци за помошни и други материјали,** бележи зголемување во апсолутен износ од 13.715 денари во однос на истиот период од 2019 година (во 2020 год.набавени се 4 проточни бојлери на износ од 14.675 денари.
-Потставката, **Трошоци за електрична и топлотна енергија,** бележи зголемување за 10% или во апсолутен износ трошоците се поголеми за 54.096 денари во однос на истиот период од 2019 година;
-Потставката, **Трошоци за горива и масла за возила,** бележи намалување од 2% во однос на истиот период од 2019 година или во апсолутен износ трошоците се помали за 957 денари.

-Потставката, **Трошоци за резервни делови,** бележи намалување од 23% во однос на истиот период од 2019 година или во апсолутен износ 4.778 денари.
Во овој квартал извршена е набавкана на графичка карта со интегрирано напојување за DELL Precision T3610, во износ од 15.705 денари.
-Потставката, **Трошоци за ситен инвентар и автогуми,** бележи намалување од 63% во однос на истиот период од 2019 година или во апсолутен износ од 33.293 денари.
Набавен ситен инвентар во првиот кватртал:1.Правосмукалка Ровента во износ од 6.779 денари;2.Држач за куфер за мотор 7.500 денари и две кациги за мотор на износ од 5.000 денари.

3. **Ставката, Трошоци за услуги,** е на исто ниво во однос на анализираниот период од 2019 година, а се должи на следното:

- Потставката, **Трошоци за транспортни услуги**, изнесува 1.738 денари ( такси превоз од 538 денари, додека 1.200 денари се однесува на транспорт, утовар и истовар на канцелариски мебел кој се наоѓаше во наплатниот центар во МКЦ кој е дислоциран .

-Потставката, **Трошоци за поштенски услуги,** бележи зголемување за 13% во однос на истиот период од 2019 година, поради зголемен број на испорачани пратки до крајните корисници;
-Потставката, **Трошоци за телекомуникациски услуги,** бележи намалување за 13% во однос на истиот период од 2019 година или во апсолутен износ трошоците се помали за 6.765 денари;
-Потставката, **Трошоци за интернет услуги,** е на исто ниво во однос на истиот период од 2019 година изнесува 103.356 денари, (интернет пристап и колокација на опрема)
-Потставката, **Трошоци за тековно и инвестиционо одржување,** бележи зголемување за 66% во однос на истиот период од 2019 година или во апсолутен износ трошоците се поголеми за 13.776 денари (зголемувањето се должи на трошок направен за отварање на дупка во зид и дислокација на ормарче за хидрант на износ од 14.500 денари).
-Потставката, **Трошоци за софтверско одржување,** бележи зголемување за 1% во однос на истиот период од 2019 година или во апсолутен износ за 6.726 денари.
-Потставката, **Трошоци за услуги за одржување на хигиена**, е на исто ниво како и во анализираниот период во 2019 година;
-Потставката, **Трошоци за наемнина за деловен простор**, бележи намалување за 69% во однос на истиот период од 2019 година или во апсолутен износ за 23.655 денари, бидејќи договорот за наем на деловен простор (МКЦ) во 2019 година е за трите месеци од првиот квартал, додека во 2020 година истекува закупот на деловен простор кој не е продолжен и се однесува за период од 01.01.2020г. до 29.01.2020г.
-Потставката, **Трошоци за комунални услуги**, бележи зголемување за 16% во однос на истиот период од 2019 година или во апсолутен износ трошоците се поголеми за 2.976 денари;
-Потставката,**Трошоци за пропаганда,реклама,промоција и маркетинг услуги** , се однесуваат на рекламен материјал, месечна реклама и закуп на рекламен простор за промоција на електронската база на прописите на интернет веб портали.истата бележи намалување за 40% во однос на истиот период од 2019 година или во апсолутен износ за 32.901 денари.
-Потставката, **Трошоци за регистрација на моторни возила**, бележи намалување за 24% во однос на истиот период од 2019 година или во апсолутен износ за 2.090 денарикоја се должи на разлика во цена при регистрација.

Во 2020 година е направен технички преглед и регистрација на мотор Piaggio во износ од 1.786 денари, технички преглед и регистрација на Кеди во износ од 5.012 денари .
-Потставката, **Трошоци за останати услуги**, се опфатени ставките за миење возила, кабелска, патарина, дневна паркинг карта, демонтажа на канцелариски мебел и истата бележи намалување за 8%, или во апсолутен износ за 1.120 денари во однос на истиот период од 2019 година.

**4. Ставката, Плати, надоместоци на плати и останати трошоци на вработени,** бележи зголемување за 46% во однос на истиот период од 2019 година а се должи на следното:
-Потставката, **Плати и надоместоци на плати,** бележи зголемување за 28% во однос на истиот период од 2019 година или во апсолутен износ од 2.482.760 денари. Во 2020 година бројот на вработени е зголемен за 5 лица , стапките на придонесите се зголемени за 0,5%, како и покачувањето од септемвриската плата 2019 година за 5%.Утврдување на вредноста на бодот е на годишно ниво со добивање на согласност од Влада. (Службен весник на РСМ, бр.18 од 27.01.2020;бр.41 од 15.02.2020)

-Потставката, **Трошоци за помошти на вработени,** се однесува на дадена помошт на вработен за смрт на родител во износ од 25.429 денари и за помош при смрт на вработен во износ од 53.436 денари.

-Потставката, **Трошоци за Јубилејна награда,** согласно Одлука од директорот бр.02-181/1 од 24.01.2020 година како и Одлуката од УО бр.02-180/1 од 24.01.2020 година извршена е исплата на јубилејната парична награда на вработените во износ од 1.425.000 денари во чест на одбележување на јубилејна година од издавањето на службеното гласило.
На 18 февруари 2020 година ЈП Службен весник на РСМ ја одбележа 75-годишнината од донесувањето на Одлуката за издавање на Службен лист на Федералната единица Македонија и издавањето на првиот број на службеното гласило.

**5.Ставката, Трошоци за амортизација,** бележи зголемување за 29% во однос на истиот период во 2019 година или во апсолутен износ од 514.524 денари поради ново набавени материјални и нематеријални средства како и од почетокот на пресметка на амортизација.

Во периодот јануари-март 2020 година набавен е мебел (6 работни бироа со 6 работни касети и 6 работни столици во износ од 85.525 денари и скутер Piaggio во износ од 308.632 денари.

**6. Вкупно оперативни расходи кои погоре се објаснети бележат зголемување за 34% во однос на истиот период од 2019 година или во апсолутен износ за 4.689.309 денари а земаат апсолутно голем процент т.е. 96% од вкупните трошоци;**

**7. Ставката, Останати трошоци од работење,** бележи намалување за 32% во однос на истиот период од 2019 година, а се должи на следното:
-Потставката, **Трошоци за репрезентација,** бележи намалување за 23% во однос на истиот период од 2019 година во апсолутен износ 15.858 денари. Вкупнот износ на

репрезентација изнесува 52.743 денари од кои 62% се однесуваат на службени ручеци додека остатокот се трошоци на бифе.

-Потставката, **Трошоци за надоместоци на Управен одбор,** бележи зголемување за 10%, во однос на истиот период од 2018, односно во апсолутен износ од 16.668 денари, бидејќи во месец декември 2019 година назначен е уште еден внатрешен член на У.О.
-Потставката, **Трошоци за надоместоци на Надзорен одбор,** е на исто ниво како и во анализираниот период во 2019 година;
-Потставката, **Надоместок на трошоци на директор,** изнесува 13.776 денари и го сочинува надоместокот на трошоците за превоз за пристигнување на работа и враќање од работа во местото на живеење-Куманово, на директорот, во висина на автобуска карта во двата правци на релација Куманово-Скопје (200,00 денари дневно);
-Потставката, **Трошоци за стручно усовршување,** бележи намалување за 72% во однос на истиот период од 2019 година или во апсолутен износ за 24.600денари.
Во анализираниот период 2020 година направени се трошоци за три КПУ задолжителни обуки на 3 лица, и една обука за архивско работење на 1 лице.
-Потставката, **Трошоци за премии за осигурување,** изнесуваат 20.830 денари и се однесуваат на премии за осигурување на имот и опрема во износ од 19.976 денари и полиса за осигурување на возило Пасат СК-324-ОН во износ од 854 денари;
-Потставката, **Трошоци за банкарски услуги,** бележи намалување за 46% во однос на истиот период од 2019 година или во апсолутен износ трошоците се помали за 21.443 денари поради намален обем на трансакции како и провизиите на истите;
-Потставката, **Трошоци за лиценци**, бележи намалување за 30% во однос на истиот период од 2019 година, или во апсолутен износ од 58.219 денари. Набавените MPKI SSL сертификати се користат за поврзување на информациониот систем на јавното претпријатие со платформата за интероперабилност на Владата на РСМ, додека SSL сертификатите се користат за некои од веб страните на јавното претпријатие како што се members.slvesnik.com.mk, oglasi.slvesnik.com.mk и euslugi.slvesnik.com.mk.
-Потставката, **Трошоци за интелектуални услуги,** бележи намалување за 72% во однос на истиот период од 2019 година, или во апсолутен износ од 91.052 денари, бидејќи во периодот јануари-март 2020 година нема ангажирано лица по договор на дело за изработка на пречистени текстови на законите објавени во електронската база на прописи на претпријатието и нема трошоци за услуги од извршител во однос на истиот период во 2019 година.Во периодот ангажирано е едно надворешно стручно лице за давање на стручна помош од областа на графичка дејност при спроведување на јавна набавка, за печатење и дистрибуција на службеното гласило за период од 01.1.2020-31.12.2021 година.
-Потставката, **Трошоци за весници и стручна литература,** е на исто ниво како и во анализираниот период во 2019 година;
-Потставката, **Останати непредвидени трошоци,** во кои спаѓаат членарини за картички, надоместок на централен регистар, ДДВ за бесплатен пристап и рекламации, административни такси и ангажман на едно лице по договор на дело за вршење на помошно технички работи во износ од 10.000 денари месечно, бележат намалување за 44% во однос на истиот период од 2019 година или во апсолутен износ за 35.361 денари.

## 4. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| | СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ /РАСХОДИ | ОСТВАРЕНО за I квартал од 2019 | ПЛАНИРАНО за I квартал од 2020 ( тековна година) | ОСТВАРЕНО за I квартал од 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Вкупно приходи од дејноста | 18.437.903 | 19.043.000 | 22.831.464 |
| 2 | Вкупно останати приходи | 966.477 | 815.000 | 436.104 |
| **3** | **Вкупно приходи (1+2)** | **19.404.380** | **19.858.000** | **23.267.568** |
| | **Расходи од дејноста** | | | |
| 1 | Трошоци за издавање | 1.587.480,00 | 2.115.000,00 | 1.740.356,00 |
| 2 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 737.694 | 819.550 | 775.056 |
| 3 | Трошоци за услуги | 1.122.342 | 1.367.892 | 1.120.264 |
| 4 | Плати, надоместоци на плати и останати трошоци на вработени | 8.730.186 | 13.168.600 | 15.032.562 |
| 5 | Трошоци за амортизација | **1.801.227** | 1.814.061 | 2.315.751,00 |
| **6** | **Вкупно оперативни расходи (1+2+3+4+5)** | **13.978.929** | **19.285.103** | **20.983.989** |
| 7 | Вкупно останати расходи | 1.063.016 | 1.152.600 | 719.339 |
| **8** | **Вкупно расходи (6+7)** | **15.041.945** | **20.437.703** | **19.387.577** |
| | **Финансиски резултат** | **4.362.435** | **-579.703** | **3.879.991** |

Во периодот јануари – март 2020 година остварен е позитивен финансиски резултат во износ од **3.879.991** денари и во споредба со истиот период во 2019 година бележи намалување за 11%.

## 5. НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ

| | опис | 2019 | 2020 | % |
|---|---|---|---|---|
| **5** | **Вкупно неизмирени обврски** | **2.816.928,00** | **861.396,00** | **100,00** |
| 1 | Трошоци за струја , вода, парно, комунал. хигиена, надомест на град.земјиште | 174.209,00 | 219.497,00 | 25,48 |
| 2 | Поштенски услуги | 170.562,00 | 92.982,00 | 10,79 |
| 3 | Телефонски трошоци | 27.534,00 | 29.676,00 | 3,45 |
| 4 | Маркетинг услуги | 40.500,00 | | 0,00 |
| 5 | Канцелариски материјали | 0,00 | | 0,00 |
| 6 | Трошоци за горива | 26.755,00 | -10.369,00 | -1,20 |
| 7 | Материјали за одржување на хигиена | 6.273,00 | 4.720,00 | 0,55 |
| 8 | Одржување на софтвер | 192.054,00 | 194.700,00 | 22,60 |
| 9 | Одржување на опрема | 3.540,00 | 8.854,00 | 1,03 |
| 10 | Печатење на службени весници и други изданија | 295.968,00 | 238.629,00 | 27,70 |
| 11 | Трошоци за дневни весници и стручна литература | 0,00 | | 0,00 |
| 12 | Трошоци за интернет | 40.653,00 | 81.306,00 | 9,44 |
| 13 | Репрезентација | 0,00 | 951,00 | 0,11 |
| 14 | Набавка на опрема | 1.803.060,00 | | 0,00 |
| 15 | Набавка на ситен инвентар | 35.140,00 | | 0,00 |
| 16 | Останати услуги | 680,00 | 450,00 | 0,05 |
| | **Обврски по основ на даноци** | **1.283.085,00** | **1.401.908,00** | |
| | **Вкупно** | **4.100.013,00** | **2.263.304,00** | |

Неизмирени обврски спрема добавувачи на претпријатието на крајот на првото тримесечие од 2020 година изнесуваат 861.396 денари и во споредба со истиот период од 2019 година бележат намалување за 69,42%.

Во вкупните обврски спрема добавувачи најголемо учество имаат: Обврската за печатење на службеното гласило „Службен весник на РСМ" 27,70%, обврските за тековните трошоци за струја, вода, ѓубретарина, топлинска енергија 25,48%, обврски за одржување на софтвер 22,60%, обврската за поштенските услуги 10,79% обврски за трошоци за интернет 9,44%, или нивното учество во вкупните обврски спрема добавувачи изнесува 96,01%.

Износот на вкупните обврски со состојба на 31.03.2020 година е измирен во текот на април 2020 година.

## 6. НЕРЕАЛИЗИРАНИ ПОБАРУВАЊА

| | ОПИС | 2019 | 2020 | % |
|---|---|---|---|---|
| 6 | **Вкупно ненаплатени побарувања од купувачи** | **10.215.580,00** | **13.216.092,00** | **100,00** |
| | Извршени услуги- објавување на огласи | 7.619.250,00 | 10.438.717,00 | 78,98 |
| | Претплата на службени весници | 1.717.075,00 | 2.112.850,00 | 15,99 |
| | Претплата на Регистар | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | Претплата на електронски изданија | 866.125,00 | 664.525,00 | 5,03 |
| | Продажба на стручна литература и други изданија | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | Претплата на службени весници во странство | 12.582,00 | 0,00 | 0,00 |
| | Од префактурирана електрична енергија | 548,00 | 0,00 | 0,00 |
| | **Побарувања по основ на даноци** | **771.682,00** | **0,00** | |
| | **Финансиски побарувања** | **291.561,00** | **185,00** | |
| | **Вкупно** | **11.278.823,00** | **13.216.277,00** | |

Побарувањата од купувачи на крајот на првото тримесечие од 2020 година изнесуваат вкупно 13.216.092 денари и во споредба со истиот период од 2019 година бележат зголемување за 29,37%. Вкупните ненаплатени побарувања ги сочинуваат: ставката извршени услуги за објавени огласи (во најголем дел тендери за јавни набавки) 78,98%, ставката претплата на службени весници 15,99% и ставката претплата на електронски изданија (електронска база на прописи и електронско издание на Службен весник) 5,03%.

Во вкупните ненаплатени побарувања 90,74 % се побарувањата од јавниот сектор во износ од 11.992.217 денари додека 9,26% се побарувањата од трговските друштва и други субјекти во износ од 1.224.085 денари .

Во вкупните побарувања од јавниот сектор побарувањата од министерствата и органите во состав на министерствата изнесуваат 2.029.300 денари или 15,35%, побарувањата од општините и јавните установи изнесуваат 7.165.689 денари или 54,22% и побарувањата од јавните претпријатија изнесуваат 2.797.228 денари или 21,16%.

## 7. СОСТОЈБА НА ТРАНСАКЦИСКИТЕ СМЕТКИ

| | ОПИС | 2019 | 2020 | % |
|---|---|---|---|---|
| 7 | **Состојба на трансакциски сметки** | **70.085.567,00** | **189.845.766,00** | **100,00** |
| | Комерцијална банка | 11.170.681,00 | 1.801.823,00 | 0,95 |
| | Халкбанк | 950.744,00 | 369.737,00 | 0,19 |
| | Прокредит | 151.865,00 | 178.673.365,00 | 94,12 |
| | Тутунска банка | 962.518,00 | 765.013,00 | 0,40 |
| | Централна кооперативна банка | 51.244.213,00 | 181.485,00 | 0,10 |
| | Универзална Инвестициона банка | 693.010,00 | 123.808,00 | 0,07 |
| | ТТК банка | 120.893,00 | 37.431,00 | 0,02 |
| | Стопанска Банка | 3.720.360,00 | 624.170,00 | 0,33 |
| | Еуростандард банка | 294.848,00 | 7.063.391,00 | 3,72 |
| | Шпаркасе банка | 776.435,00 | 205.543,00 | 0,11 |

Состојбата на средствата на сметките на крајот на првото тримесечие од 2020 година изнесува 189.845.766 денари и во однос на истиот период од 2019 година средствата бележат зголемување за 170,98 % поради не орочување на истите.

## 8. ВРАБОТЕНИ ЛИЦА И ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА НЕТО ПЛАТА

| | ОПИС | 2019 | 2020 | % |
|---|---|---|---|---|
| 8 | **Вкупен број на вработени лица** | **50** | **55** | 10,00 |
| | Вработени на неопределено време | 43 | 53 | |
| | Вработени на определено време | 6 | 1 | |
| | Именувано лице од Влада | 1 | 1 | |
| 9 | **Просечно исплатена нето плата** | **38.769,00** | **45.650,00** | 17,75 |

На крајот на првото тримесечие од 2020 година вкупниот број на вработени лица изнесува 55 лица.

Во споредба со истиот период од 2019 година бројот на вработените е зголемен за 10%, односно за 5 лица.

Просечната нето плата исплатена во периодот јануари – март 2020 година изнесува 45.650 денари и во споредба со истиот период од 2019 година бележи зголемување за 17.75%.

## 9. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| | 1. БИЛАНС НА СОСТОЈБА | ОСТВАРЕНО за I квартал од 2019 | ПЛАНИРАНО за I квартал од 2020 година | ОСТВАРЕНО за I квартал 2020 | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. година (%) | Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. Година (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **АКТИВА** | | | | | | |
| 1 | Парични средства | 70.096.463 | 12.652.840 | 189.870.187 | 271 | 1.501 | 55 |
| 2 | Побарувања | 11.279.223 | 26.708.987 | 13.222.066 | 117 | 50 | 4 |
| 3 | Залихи | 209.738 | 242.942 | 300.760 | 143 | 124 | 0 |
| 4 | Краткорочни финансиски средства | 180.000.000 | 40.000.000 | 80.000.000 | 44 | 200 | 23 |
| 5 | Други тековни средства (АВР) | 142.293 | 1.662.269 | 12.202 | 9 | 1 | 0 |
| 6 | **Тековна актива** (1 + 2 + 3 + 4 + 5) | **261.727.717** | **81.267.038** | **283.405.215** | **108** | **349** | **83** |
| 7 | Материјални средства и вложувања во недвижности | 51.620.980 | 237.921.375 | 52.470.681 | 102 | 22 | 15 |
| 8 | Долгорочни финансиски вложувања | 0 | 0 | 0 | #DIV/0! | #DIV/0! | 0 |
| 9 | Нематеријални средства | 7.875.764 | 16.601.767 | 7.349.004 | 93 | 44 | 2 |
| 10 | Долгорочни финансиски средства | | 0 | 0 | #DIV/0! | #DIV/0! | 0 |
| 11 | Други средства | | 0 | 0 | #DIV/0! | #DIV/0! | 0 |
| 12 | **Вкупна актива** (6 + 7 + 8 + 9 + 10 + 11 ) | **321.224.461** | **335.790.180** | **343.224.900** | **107** | **#DIV/0!** | **100** |
| 13 | **Вонбилансна актива** | | | | | | **0** |

| | ПАСИВА (Обврски и Акционерски капитал) | ОСТВАРЕНО | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО | Споредбена анализа | Споредбена анализа | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | за I квартал од 2019 | за I квартал од 2020 година | за I квартал 2020 | оств. тек. година/ оств. претх. година (%) | оств. тек. година / план. тек. Година (%) | |
| 14 | Краткорочни обврски | 4.179.823 | 5.114.295 | 2.518.983 | 60 | 49 | 1 |
| 15 | Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР) | 553.032 | 10.685.598 | 3.334.829 | 603 | 31 | 1 |
| 16 | **Тековни обврски** (14+15) | **4.732.855** | **15.799.893** | **5.853.812** | 124 | 37 | 2 |
| 17 | Долгорочни обврски | 0 | 0 | 0 | #DIV/0! | #DIV/0! | 0 |
| 18 | Други долгорочни обврски и резервирања за ризици и трошоци | 0 | 0 | 0 | #DIV/0! | #DIV/0! | 0 |
| 19 | **Нетековни обврски** (17+18) | **0** | **0** | **0** | #DIV/0! | #DIV/0! | 0 |
| 20 | **Обврски** (16+19) | **4.732.855** | **15.799.893** | **5.853.812** | 124 | 37 | 2 |
| 21 | Капитал | 0 | 0 | 0 | #DIV/0! | #DIV/0! | 0 |
| 22 | Акумулирана добивка | 199.301.314 | 221.292.608 | 222.642.809 | 112 | 101 | 65 |
| 23 | Резерви | 84.578.487 | 99.277.382 | 99.277.382 | 117 | 100 | 29 |
| 24 | Ревалоризациони резерви | 0 | 0 | 0 | #DIV/0! | #DIV/0! | 0 |
| 25 | Добивка/ Загуба за деловната година | 32.611.805 | -579.703 | 15.450.897 | 47 | -2.665 | 5 |
| 26 | **Вкупен капитал** (21+22+23+24+25) | **316.491.606** | **319.990.287** | **337.371.088** | 107 | 105 | 98 |
| 27 | **Вкупно Обврски и капитал** (20+26) | **321.224.461** | **335.790.180** | **343.224.900** | 107 | 102 | 100 |
| 28 | **Вонбилансна пасива** | **0** | **0** | **0** | **#DIV/0!** | **#DIV/0!** | **0** |

*Во планираниот период се опфатени настани предизвикани од планираните приходи и расходи на претпријатието, исто така треба да се има во предвид дека не е земена почетната состојба на билансот што рефлектира со големи дискрепанции во планирано и остварено на поодделни позиции.

## 10. БИЛАНС НА УСПЕХ

| | **2. БИЛАНС НА УСПЕХ** | **ОСТВАРЕНО за I квартал од 2019 година** | **ПЛАНИРАНО за I квартал од 2020 година** | **ОСТВАРЕНО за I квартал од 2020 година** | **Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. год (%)** | **Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. Година (%)** | **Структурна анализа тековна година (%)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 29 | Приходи од продажба | 32.289.725 | 19.043.000 | 34.734.573 | 108 | 182 | 100 |
| 30 | Останати оперативни приходи | 2.343 | 5.000 | 3.125 | 133 | 63 | 0 |
| 31 | **Вкупно оперативни приходи** (29+30) | **32.292.068** | **19.048.000** | **34.737.698** | 108 | 182 | **100** |
| 32 | Потрошени суровини и материјали | 2.051.036 | 2.187.442 | 2.028.101 | 99 | 93 | 10 |
| 33 | Трошоци за вработените | 8.730.186 | 13.168.600 | 12.716.811 | 146 | 97 | 66 |
| 34 | Амортизација на материјални средства | 1.801.227 | 1.814.061 | 2.315.751 | 129 | 128 | 12 |
| 35 | Вредносно усогласување на тековни средства | 0 | 0 | 0 | #DIV/0! | #DIV/0! | 0 |
| 36 | Набавна вредност на продадени стоки | 1.587.480 | 2.115.000 | 1.740.356 | 110 | 82 | 9 |
| 37 | Останати оперативни расходи | 871.952 | 1.152.600 | 586.372 | 67 | 51 | 3 |
| 38 | **Вкупно оперативни расходи** (32+33+34+35+36+37) | **15.041.881** | **20.437.703** | **19.387.391** | 129 | 95 | **100** |
| 39 | **Добивка од оперативно работење** (31-38) | **17.250.187** | **-1.389.703** | **15.350.307** | 89 | -1.105 | **0** |
| 40 | Приходи од финансирање | 964.134 | 810.000 | 432.979 | 45 | 53 | 0 |
| 41 | Расходи од финансирање | 64 | 0 | 186 | 291 | #DIV/0! | 0 |
| **42** | **Добивка пред оданочување (39+40-41)** | **18.214.257** | **-579.703** | **15.783.100** | 87 | -2.723 | **0** |
| 43 | Данок на добивка | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 44 | **Нето добивка / загуба** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

*Примена на принципот на спротивставување на приходите со расходите доведува до разлика на Приходите во биласот на успех со приходите прикажани во табелата-специфицирани приходи/расходи .

**Разликата помеѓу приходите се приходи кои се однесуваат за останатите девет месеци.

***Од горенаведените причини произлегува и разликата на добивката искажана во БУ со добивката во табелата-специфицирани приходи/расходи.

## 11. АМОРТИЗАЦИЈА

| | СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ФИКСНИ СРЕДСТВА И АМОРТИЗАЦИЈА [1] | СОСТОЈБА | АМОРТИЗАЦИЈА | СОСТОЈБА | АМОРТИЗАЦИЈА | ПРЕДВИДЕНА АМОРТИЗАЦИЈА за следен квартал од тековна година | Процент на промена на основни средства (%) | Процент на промена на амортизација (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | за I квартал од 2019 година | за I квартал од 2019 година | за I квартал од тековна 2020 година | за I квартал од тековна 2020 година | | | |
| | **МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | | | | | |
| **1** | Имот, машини и опрема | 51.452.721 | 971.202,90 | 52.630.895 | 1.184.224 | 992.206,49 | 1 | 1 |
| **2** | Возила | 901.228 | 151.917,60 | 685.012 | 60.478 | 152.667,60 | 2 | 1 |
| **3** | Мебел и вградување на мебел | 44.804 | 4.583,90 | 111.993 | 6.460 | 4.583,90 | 1 | 1 |
| **4** | Останати материјални основни средства | 367.726 | 17.795,30 | 70.032 | 13.237 | 17.776,00 | 1 | 1 |
| **5** | **Вкупно материјални средства (1 + 2 + 3 + 4)** | **52.766.479** | **1.145.499,70** | **53.497.932** | **1.264.339** | **1.167.233,99** | **1** | **1** |
| | **НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | | | | | |
| **6** | Дадени аванси | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **7** | Права | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **8** | Гудвил | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **9** | Трошоци за истражување и развој | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **10** | Други нематеријални средства | 8.531.492 | 655.727,90 | 8.400.356 | 1.051.352 | 847.827,92 | 0 | 1 |
| **11** | **Вкупно нематеријални средства (6 +7 + 8 + 9 + 10)** | **8.531.492** | **655.727,90** | **8.400.356** | **1.051.352** | **847.827,92** | **0** | **1** |
| | | | | | | | | |
| **12** | **Вкупно расходи (5 +11 )** | **61.297.971** | **1.801.227,6** | **61.898.228** | **2.315.751** | **2.015.061,91** | **1** | **1** |

## 12. КАПИТАЛ

| 7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ | ОСТВАРЕНО за I квартал од претходна година 2019 | ПЛАНИРАНО за I квартал од тековна година 2020 | ОСТВАРЕНО за квартал од тековна година | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. година (%) | Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. Година (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Акумулирана добивка од претходна година | 199.301.314 | 221.292.608 | 197.301.314 | -1 | -11 | 63 |
| Нераспределена добивка на почетокот на периодот | 14.698.895 | 0 | 25.341.495 | 72 | -10 | 5 |
| Нето добивка/загуба за деловната година | 17.912.910 | -579.703 | 15.450.897 | -14 | -2.765 | 6 |
| Резерви | 84.578.487 | 99.277.382 | 99.277.382 | 17 | 0 | 27 |
| Ревалоризациони резерви | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Дивиденда | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Усогласувања на задржаната добивка | | | | 0 | 0 | |
| Нераспределена добивка на крајот на периодот | 32.611.805 | -579.703 | 40.792.392 | 25 | -7.137 | 0 |
| **Вкупно** | **316.491.606** | **319.990.287** | **337.371.088** | **7** | **5** | **100** |

# 13. КВАРТАЛНИ ПОДАТОЦИ

*по квартали, во илјади денари*

| ПРЕГЛЕД НА КВАРТАЛНИ ПОДАТОЦИ | КВАРТАЛ 1 | | | КВАРТАЛ 2 | | | КВАРТАЛ 3 | | | КВАРТАЛ 4 | | | ВКУПНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План[1] | Реали-зација[2] | Промена (%) | План | Реали-зација | Промена (%) | План | Реали-зација | Промена (%) | План | Реали-зација | Промена (%) | План | Реали-зација | Промена (%) |
| Тековна актива | 81.267 | 283.405 | 249 | -891 | 0 | 0 | 3.255 | 0 | 0 | -23.106 | 0 | 0 | 60.525 | 0 | 0 |
| Тековни обрвски | 15.780 | 5.854 | -63 | 3.368 | 0 | 0 | 3.405 | 0 | 0 | 3.387 | 0 | 0 | 25.940 | 0 | 0 |
| Вкупно приходи од дејноста | 19.048 | 34.738 | 82 | 20.317 | 0 | 0 | 20.674 | 0 | 0 | 17.890 | 0 | 0 | 77.929 | 0 | 0 |
| Вкупно приходи | 19.858 | 35.171 | 77 | 20.803 | 0 | 0 | 20.837 | 0 | 0 | 18.052 | 0 | 0 | 79.550 | 0 | 0 |
| Вкупно расходи од дејноста | 20.243 | 19.387 | -4 | 20.077 | 0 | 0 | 18.835 | 0 | 0 | 19.878 | 0 | 0 | 79.033 | 0 | 0 |
| Вкупно расходи | 20.243 | 19.387 | -4 | 20.077 | 0 | 0 | 18.835 | 0 | 0 | 19.878 | 0 | 0 | 79.033 | 0 | 0 |
| Трошоци за плата | 11.385 | 11.213 | -2 | 11.775 | 0 | 0 | 11.590 | 0 | 0 | 11.572 | 0 | 0 | 46.322 | 0 | 0 |
| Просечен број на вработени | 53 | 55 | 4 | 55 | 0 | 0 | 54 | 0 | 0 | 54 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно трошоци за кредити | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Резерви | 99.277 | 99.277 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 99.277 | 0 | 0 |
| Капитал -акумулирана добивка | 221.293 | 222.642 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 221.293 | 0 | 0 |
| Добивка / Загуба | -580 | 15.451 | -2.764 | 726 | 0 | 0 | 2.002 | 0 | 0 | -1.826 | 0 | 0 | 322 | 0 | 0 |
| Вкупно материјални средства | 239.735 | 53.498 | -78 | 7.000 | 0 | 0 | 4.000 | 0 | 0 | 24.400 | 0 | 0 | 275.135 | 0 | 0 |
| Вкупно нематеријални с-ва | 16.602 | 8.400 | -49 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000 | 0 | 0 | 19.602 | 0 | 0 |
| Вкупно средства | 256.337 | 61.898 | -76 | 7.000 | 0 | 0 | 4.000 | 0 | 0 | 27.400 | 0 | 0 | 294.737 | 0 | 0 |

ЈП Службен весник на РСМ